Australian Government
Medicare Australia

# Други програми на Medicare Australia

## План на Medicare за стоматолошки услуги за тинејџери

### Што е Планот на Medicare за стоматолошки услуги за тинејџери?

Австралиската влада го воведе Планот на Medicare за стоматолошки услуги за тинејџери за да помага околу трошоците за годишна превентивна проверка на забите за тинејџери на возраст од 12-17 год. кои оствариле право на тоа.

### Дали имам право на Планот на Medicare за стоматолошки услуги за тинејџери?

Имате право на Планот на Medicare за стоматолошки услуги за тинејџери и ќе можете да добивате превентивна нега на забите доколку сте тинејџер:

- на возраст од 12-17 години
- добивате Abstudy, Исплата за негувател, Пензија за поддршка при онеспособеност, Родителски додаток, Специјална повластица или Надомест за младинци; или
- чие семејство/негувател/старател добива Семејна даночна повластица Дел А (FTB-A), Родителски додаток или Пензија за двојни сирачиња за вас; или
- чиј родител добива Семејна даночна повластица Дел А (FTB-A) или Родителски додаток; или
- кој има 16 год. или повеќе и добива финансиска помош од Шемата за образование на деца на ветерани (VCES) или од Шемата за образование и обука според Законот за повторно оспособување и надомест за воени лица (MRCAETS)
- кој има право да бара повластици од Medicare.

### Како функционира Планот на Medicare за стоматолошки услуги за тинејџери?

Доколку имате право на овој план, вам или на вашиот родител или негувател ќе ви бидат испратени писмо и купон за исполнување на условите за да извршите превентивна проверка на забите. Доколку грижата за вас е подеднакво споделена помеѓу негувателите, на вашите родители или негуватели ќе им бидат испратени такво писмо и купон.

#### За што служи купонот?

Купонот ви овозможува да поднесувате барање за повластица до Medicare секоја година откако ќе го посетите стоматологот и откако ќе извршите превентивна проверка на забите. Купонот треба да му го дадете на стоматологот откако ќе ја изврши превентивната проверка на забите. Купонот му покажува на стоматологот дека имате право на превентивна проверка на забите според Планот на Medicare за стоматолошки услуги за тинејџери. Купоните важат само за лицето наведено на самиот купон и не можат да се пренесуваат на други лица.

#### Што треба да сторам доколку не добијам купон?

Доколку сметате дека имате право на купон, а не сте го примиле, или доколку сте го изгубиле купонот, можете да се јавите на **132 011*** или да посетите било која канцеларија на Medicare.

#### Што значи превентивна проверка на забите?

Превентивната проверка на забите мора да се состои од преглед на усната шуплина. Вашиот стоматолог исто така може:

- да направи рентгенски снимки
- да го отстрани каменот од забите

- да изврши третман со флуор
- да ви даде напатствија за хигиена на усната шуплина
- да ви даде совет околу исхраната
- да затвори џепови или пукнатини во некој заб (затворање на пукнатини).

Сите овие услуги се вклучени и можат да се извршуваат во повеќе денови, а не смеат да се наплаќаат посебно или додека не заврши целиот третман.

**Како да остварам превентивна проверка на забите?**

Откако ќе го примите купонот, следниве чекори ќе ви помогнат да ја добиете вашата повластица.

**Чекор 1— закажете посета кај стоматолог**

Кога закажувате посета кај стоматолог, ќе треба да проверите:

- дали стоматологот ќе ви обезбеди превентивна проверка на забите според Планот на Medicare за стоматолошки услуги за тинејџери
- дали од вас ќе се очекува да платите нешто однапред и дали тоа ќе биде повеќе од повластицата која може да ја барате од Medicare Australia.

Доколку имате право на државни стоматолошки услуги можете да се јавите и во најблиската државна стоматолошка клиника (вклучувајќи ги и клиниките во училиштата) за да проверите дали вршат превентивна проверка на забите.

**Чекор 2—извршете ја превентивната проверка на забите**

Треба да му го однесете купонот на стоматологот кога ќе ја правите превентивната проверка на забите.

**Чекор 3— барање на повластица за превентивната проверка на вашите заби**

По превентивната проверка на забите, стоматологот ќе ви наплати на еден од следниве три начини.

1. Стоматологот ќе ја наплати услугата со еднократна наплата со тоа што ќе побара од вас да потпишете формулар за Спогодба за повластица за тој/таа да може повластицата за стоматолошки услуги да си ја наплати директно од Medicare Australia.
2. Стоматологот ќе побара од вас да ја платите услугата во целост. Вие вашата повластица можете да ја барате со поднесување на вашите сметки/сметкопотврди во најблиската канцеларија на Medicare или испратете ги по пошта.
3. Стоматологот ќе ви издаде неплатена сметка. Вие треба да ја однесете сметката/сметкопотврдата во најблиската канцеларија на Medicare Australia или да ја испратите по пошта. Ние ќе ви испратиме чек на име на стоматологот, со сумата во износ на повластицата. Ќе треба да му го испратите чекот на стоматологот, заедно со сета парична разлика која му ја должите.

## Важни информации

- Доколку имате право на превентивна проверка на забите, можете да го посетите вашиот стоматолог и пред да ви биде издаден купонот од страна на Планот на Medicare за стоматолошки услуги за тинејџери, но не можете да ја барате вашата повластица за стоматолошки услуги од Medicare Australia додека не ви биде издаден купонот за тековната година.
- Доколку грижата за вас е подеднакво споделена помеѓу негувателите, првото семејство кое ќе поднесе барање за повластица во Medicare Australia ќе стекне право на целосната повластица за стоматолошки услуги.

- Доколку вкупниот трошок за превентивна проверка на забите е повисок од сумата на купонот, Medicare Australia може да ја покрие само сумата наведена на купонот. Вие сте одговорни за секоја додатна сума. Доколку вкупниот трошок е помал од наведената сума на купонот, Medicare Australia може да го плати само износот кој ви го наплатил стоматологот.
- Превентивната проверка на забите е услуга на Medicare за која повластицата се бара од Medicare Australia. Може да одлучите да поднесете барање преку вашиот приватен здравствен фонд, меѓутоа не можете да барате надомест и од двете страни.

### Кус список за проверка

- Чувајте ги на сигурно писмото и вашиот купон.
- Погрижете се да ги понесете вашиот купон и Medicare картичка со вас кога одите кај стоматолог.
- Погрижете се да ја понесете вашата Medicare картичка кога ја барате повластицата во канцеларија на Medicare.
- Запомнете да ги известите Medicare Australia, Centrelink или DVA доколку вашите податоци се променат во иднина.

### За повеќе информации

| | |
|---|---|
| Преку Интернет | **www.medicareaustralia.gov.au**<br>**www.health.gov.au/dental** |
| Тел. | **132 011*** |
| TTY | **1800 552 152**** (Линија за лица со оштетен слух и говор) |
| TIS | **131 450*** (Преведувачка и толкувачка служба) |

## Национална програма за испитување за рак на дебелото црево

### Што е Националната програма за испитувања за рак на дебелото црево?

Националната програма за испитување за рак на дебелото црево има за цел да го намали бројот на заболени лица и на смртни случаи од рак на дебелото црево со тоа што од јануари 2008 год. до декември 2010 год. им нуди на луѓето на возраст од 50, 55 или 65 години испитување за да се провери дали има траги од крв во изметот (FOBT) и тоа во приватноста на нивниот сопствен дом.

### Дали имам право да учествувам во Националната програма за испитување за рак на дебелото црево?

Луѓето кои се дел од жителите што ги исполнуваат условите ќе бидат поканети да земат учество во програмата. Жителите што ги исполнуваат условите се Австралијци кои се на возраст од 50, 55 или 65 години помеѓу јануари 2008 год. и декември 2010 год., и кои поседуваат Medicare картичка или златна картичка од Одделот за ветерански работи или DVA.

Лицата со привремена виза или лицата со привремен престој нема да бидат поканети да учествуваат во програмата, без оглед на тоа дали се на посочената возраст.

Доколку имате право да учествувате во програмата, по пошта ќе добиете покана да направите едноставен тест кој се нарекува испитување за да се провери дали има траги на крв во изметот (FOBT) во приватноста на вашиот сопствен дом, и да го испратите до одредена патолошка лабораторија за анализа. Нема никаков трошок за правење на овој тест. Доколку добиете позитивни резултати од испитувањето, ќе бидете посоветувани да разговарате за резултатот со вашиот лекар, кој обично ќе ве препрати на понатамошни испитувања, како што е колоноскопија.

## Регистар за Национално испитување за рак на дебелото црево

Medicare Australia раководи со Регистарот за национално испитување за рак на дебелото црево. Регистарот подготвува покани за учество во програмата, ги заведува податоците на учесниците заедно со претходните испитувања, резултати од FOBT и од колоноскопија, а исто така подготвува и писма за потсетување за учесниците и нивните назначени лекари/медицински ординации.

Личните податоци и резултатите од тестовите се чуваат во приватност и доверливо. Податоците кои се чуваат во Регистарот се заштитени со закон (Закон за приватност од 1988 год.), а личните податоци се откриваат во согласност со Принципите за приватност на податоци од истиот закон.

### Какви податоци се чуваат во Регистарот?

Регистарот чува податоци од типот на:

- Ваши лични податоци, на пример име и презиме, поединости за контакт, возраст и пол
- Вашиот број во Medicare
- Резултати од тестовите за испитување
- Името и презимето на вашиот назначен лекар
- Резултати од сите понатамошни извршени тестови, како што се колоноскопија или биопсија.

### За што ќе се користат овие податоци?

Medicare Australia ќе ги користи личните податоци за:

- Да ги кани лицата кои имаат право да се испитаат според програмата
- Да ги потсетува лицата кои имаат право на програмата да го направат тестот FOBT
- Да обезбедат податоци за контакт во патолошката лабораторија одговорна за анализа на тестовите FOBT
- Да ги проверува барањата за повластици од Medicare и од Одделот за ветерански работи за испитувања на дебелото црево доколку тоа е потребно, и да ги контактира службите за медицински услуги за да побара соодветните извештаји да бидат испратени до Регистарот
- Да испраќа писма за потсетување и/или да остварува телефонски повици (кога е тоа потребно) до учесниците и нивните назначени лекари.

Вашето име и презиме и датум на раѓање ќе му бидат пренесени на Австралискиот институт за здравје и добросостојба (Australian Institute of Health and Welfare - AIHW) со цел да ги споредат со податоците од досиејата за рак и за да покажат дека програмата спасува животи. Обезбедувањето на податоци за потребите на AIHW подлежи на одредбите за тајност од Законот за Австралискиот институт за здравје и добросостојба од 1987 год.

Вашето име и презиме, контактните поединости и податоците за испитувањето исто така може да им бидат откриени на лица кои ќе ви помагаат во медицинската нега во врска со испитувањето за рак на дебелото црево, а тоа се:

- Вашиот назначен лекар
- Медицински специјалисти кај кои може да бидете упатени
- Службеници за следење на состојбата на учесниците
- Вработени во службите за испитување за рак на дебелото црево во склоп на владите на државите/териториите.

### Кој има пристап до податоците во Регистарот?

Информациите што се чуваат во Регистарот и оние кои им се откриваат на AIHW се заштитени со закон и нема да бидат откриени пред ниедно друго лице или организација без ваша согласност, освен ако тоа не е побарано и одобрено со закон.

### Какви податоци обезбедуваат лекарите и медицинските специјалисти за потребите на Регистарот?

Општите лекари и специјалистите обезбедуваат податоци за потребите на Регистарот (преку пополнување на формулари за собирање на податоци) во врска со консултациите/зафатите кај учесниците кои добиле позитивен резултат од тестот FOBT.

## За повеќе информации

| | |
|---|---|
| Преку Интернет | **www.medicareaustralia.gov.au**<br>**www.cancerscreening.gov.au** |
| Повик | Информативна линија на Националната програма за испитување за рак на дебелото црево—<br>**1800 118 868**** |
| TTY | **1800 552 152**** (Линија за лица со оштетен говор и слух) |
| TIS | **131 450*** (Преведувачка и толкувачка служба) |

*Повикот се наплаќа.

**Повикот се наплаќа за повици од мобилни телефони или од говорници.

# Програма за надоместување на трошоци за надворешна протеза за гради

## Што е Програмата за надоместување на трошоци за надворешна протеза за гради?

Програмата за надоместување на трошоци за надворешна протеза за гради (понатаму програмата) е иницијатива на Австралиската Влада за да обезбедува надоместување на трошоците за нови или заменски надворешни протези за гради за лица кои имале мастектомија (отстранување на дојка) како резултат на рак на дојката.

Може да барате надомест за нови или заменски надворешни протези за гради купени од 1 јануари 2008 год.

## Дали имам право на програмата?

Сите жени кои се постојани жители на Австралија, кои имаат право на Medicare и кои имале мастектомија како резултат на рак на дојката имаат право да бараат надоместување.

## Како да го барам надоместувањето?

За да барате надоместување мора да пополните формулар за барање. Формуларот можете да го најдете во секоја канцеларија на Medicare или на **www.medicareaustralia.gov.au**

Откако ќе го пополните формуларот за барање, прикачете ја оригиналната сметкопотврда и предајте ги во било која канцеларија на Medicare или испратете ги по пошта на:

**Medicare Australia**
**GPO Box 9822**
во вашиот главен град

### Колку изнесува надоместот?

Може да се исплати надомест до $400 за секоја нова или заменска протеза за гради, во зависност од трошоците за протезата. Тоа важи за секоја протеза за секоја од градите.

### Колку често можам да барам надоместување?

Доколку веќе е направено барање за надоместување според програмата, следното барање не може да се направи порано од две години од датумот на последното купување на протеза. Тоа важи за секоја протеза за секоја од градите.

### Како ќе ми биде исплатено надоместувањето?

Сите надоместувања се исплаќаат на банкарската сметка што сте ја навеле во формуларот за барање на надомест. Ќе ви испратиме извештај кој го наведува износот префрлен на вашата банкарска сметка и може да го чувате за да го приложите со вашата даночна пријава.

## За повеќе информации

| | |
|---|---|
| Преку Интернет | **www.medicareaustralia.gov.au** |
| Повик | **132 011*** |
| TTY | **1800 552 152**** (Линија за лица со попречен слух и говор) |
| TIS | **131 450*** (Преведувачка и толкувачка служба) |

*Повикот се наплаќа.

**Повикот се наплаќа само од мобилни телефони и говорници.

1577_14f.04.11.09